| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Подготовка на Регионален План за управување со отпад (РПУО) за Скопски плански регион (СР) |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Меѓуопштински одбор за управување со отпад |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Советите на општините во Скопскиот плански регион го донесуваат Регионалниот План за управување со отпад |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | ENVIROPLAN S.A. (Тим лидер) во конзорциум со LOUIS BERGER, BiPRO GmbH, EPEM S.A., SRL Consulting Limited (Partners) – во тендерот за проектот – Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски плански регион – EuropeAid/136347/IH/SER/MK |
| **Назив на работното место** | Тим лидер<br>Г-дин Христос Цомпанидис<br><br>Проектна канцеларија во Скопје<br>Контакт лице:<br>Ирена Апостолова<br>Тел: + 389 70 531 363 |
| **Контакт податоци за лицето** | EnviroPlan S.A.<br>Consultants&Engineers<br>23 Perileous&Iras str.<br>153 44 Gerakas – Athens, Greece<br>Tel: + 30 210 6105127/8<br>Fax: + 30 210 6105138<br><br>Канцеларија во Скопје, Република Македонија<br>ENVIROPLAN S.A. во Македонија<br>Ул.„ Сава Ковачевич“ бр.1/2-18, 1000 Скопје<br>Тел: +389 2 277 3487<br>Факс: + 389 2 277 3497 |

| |
|---|
| **Основни податоци за планскиот документ** |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Регионалниот план за управување со отпад за Скопски плански регион се изработува во согласност со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија за период од 2008 – 2020, Националниот план за управување со отпад на Република Македонија за период од 2009 – 2015 и Закон за управување со отпад (Службен Весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10, 08/11, 51/11, 123/12, 147/12, 163/13, 156/15 и 63/16). Во согласност со член 18-а од Законот за управување со отпад (Службен Весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10, 08/11, 51/11, 123/12, 147/12, 163/13, 156/15 и 63/16), советите на општините и советот на градот Скопје, на предлог на меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад од членот 23-б од овој закон, донесуваат регионален план за управување со отпад за регионот за управување со отпад утврдени со Планот за управување со отпад на Република Македонија. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување.** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА – наведете ја областа.** |
| Да, во областа управување со отпад |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5)** |
| Да, согласно Член 3, точка 10 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен, наведете за каков проект станува збор.** |
| Да. Регионалниот план за управување со отпад за СР предвидува неколку различни сценарија за управувањето со отпадот; неговата реализација со одредени мерки треба да значи изведба на градежни активности а со нив и постројки за третман на отпадот продуциран во СР како и негово одлагање согласно Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина е утврден како проект кој спаѓа во Прилог I, поради што за истите задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина преку изработка на Студија за оцена на влијанието врз животната средина. |

| |
|---|
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Главната цел на регионалниот план за управување со отпад е да се регулираат и хармонизираат целите дадени во Националната стратегија за управување со отпад како и во Националниот план за управување со отпад на регионално ниво, да се воспостави интегриран и финансиско одржлив систем за управување со отпад во СР и да се поддржат планските процеси за интегрирано регионално управување на отпадот.<br>Планот ќе претставува основа за интегрираниот систем за управување со отпад на начин на кој ќе се врши контрола на различните видови на отпад кои ќе се создадат и воедно ќе даде насоки за постапување со отпадот кои ќе придонесат кон:<br>- Намалување на количеството отпад кое завршува на депонијата и претставува опасност за животната средина и човековото здравје;<br>- Искористување на материјалната и енергетската вредност на отпадот;<br>- Управувањето на отпадот да се спроведува на начин со кој ќе се намалат влијанијата врз животната средина и човековото здравје;<br>- Одредување на начин на кој ќе бидат санирани постоечките депонии (регуларни и нерегуларни) кои представуваат опасност за животната средина и човековото здравје;<br>Мерките предложени во планот ќе кореcподираат со оние предвидени во Стратегијата за управување со отпад во Република Македонија, како и ќе предвиди други мерки кои произлегуваат од домашното законодавство за управување со отпад и законодавството на ЕУ. Воедно, во планот ќе се опфатат и мерки од другите плански документи (стратегии и планови) во Република Македонија кои имаат придонес во управувањето со отпадот, пред се документите поврзани со енергетската ефикасност и климатските промени.<br>За подготовка на РПУО, беа спроведени детални истражувања, мерења и анализи за количините на создаден отпад. Врз основа на ваквите анализи, беа предложени неколку сценарија.<br>Предвидените сценарија за управување со отпадот во СР се следните: собирање на селектирани фракции на отпад, рециклирање, механички и биолошки третман вклучувајќи го и третманот на мешан отпад, органски отпад итн, каде како краен продукт се добива: компост, компост како излез, обновливи рециклирачки материјали, гориво добиено од отпад, високо калорично цврсто гориво, биогас, обновлива енергија итн.<br><br>Покрај предложените сценарија за управување со отпад, врз основа на извршената процена на ризик за регуларните и нерегуларните депонии, утврдено е дека во СР има 1 општинска депонија и 38 нерегуларни диви депонии со голем ризик врз животната средина, со што планот предвидува мерки за нивно затварање или рехабилитација.<br><br>Главната цел на планот е намалување на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето со постапувањето со отпадот. Имајќи во предвид дека управувањето со отпадот доколку не се прави на соодветен начин, сепак може да предизвика негативни влијанија врз животната средина, потребно е да се донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |

| |
|---|
| Предмет на Регионалниот план за управување со отпад во Скопскиот плански регион е: регулирање и усогласување на заедничките цели за управување со отпадот на регионално ниво односно интегрирано планирање на управувањето со отпад. |
| **Периодот на донесување на планскиот документ** |
| Регионалниот план за управување со отпад согласно Закон за управување со отпад (Службен Весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10, 08/11, 51/11, 123/12, 147/12, 163/13, 156/15 и 63/16) се донесува на период од 10 години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Согласно Закон за управување со отпад (Службен Весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10, 08/11, 51/11, 123/12, 147/12, 163/13, 156/15 и 63/16), член 18-а, став 4: меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад за Скопскиот регион од членот 23-б од овој закон може по потреба на секои две години да предложи изменување и дополнување на регионалниот план за управување со отпад . |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Скопскиот плански регион се состои од следните општини: Аеродром, Арачиново, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Зелениково, Илинден, Карпош, Кисела Вода, Петровец, Сарај, Сопиште, Студеничани, Центар, Чаир, Чучер Сандево и Шуто Оризари.<br>Мапа од СР е дадена во Прилог 1. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br><br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| Имплементацијата на Регионалниот план за управување со отпад за Скопскиот плански регион ќе обезбеди намалување на негативното влијание со управувањето со отпад во однос на сегашниот начин на постапување со отпадот. Сепак постапувањето со отпадот е активност која предизвикува влијанија врз животната средина, односно може да предизвика испуштање на емисии во воздухот, потоа емисии во почвата, како и загрозување на природата. Со спроведувањето на стратегиската оцена на влијанието на Планот за управување со отпад за Скопскиот регон ќе се процени можното влијание од неговото спроведување во зависност од избраните и предложени решенија што ќе бидат дадени во планот. Согласно ова ќе се изврши процена на влијанието врз медиумите и областите за животна средина посебно, притоа ќе бидат оценети како негативните така и позитивните потенцијални влијанија. |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина зависат од изборот на |

сценариото за управување со отпад; и во зависност од избраното сценарио, ќе бидат изградени капацитети, постројки, инфраструктурни објекти итн. Планот ќе обезбеди насоки за имплементација на избраното сценарио преку одредени проекти, кои во зависност од изборот и осетливоста на локацијата каде што ќе се спроведува, може да произведе и позитивни и негативни влијанија.

***Потенцијални позитивни влијанија***

Затварање на непрописните депонии и ѓубришта и нивна рехабилитација и отстранување на негативните влијанија од истите ќе претставува позитивни влијанија врз понатамошното загадување на почвата и на водите. Со ова ќе се обезбеди подобра заштита на животната средина, како и ќе се намалат негативните влијанија на земјоделските култури што се наводнуваат од водите во овој регион. Се очекува со воспоставувањето на интегрираниот систем за управување со отпад да се зголеми количеството на отпад што се собира и искористува.

Воглавно, сценаријата кои се предвидени во планот ќе придонесат за подобар систем за управување со отпад, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на емисиите на стакленички гасови, подобрување на јавното здравје, биодиверзитетот, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, културното наследство, земјоделство и шумарство, како и намалување на емисиите на стакленички гасови на национално и регионално ниво.

Покрај директното подобрување на состојбата во медиумите и областите на животната средина, сценаријата, исто така, вклучуваат разгледување на неколку опции за Систем за интегрирано управување со цврст отпад во сите фази (собирање, транспортирање, третман, депонирање). Системот ќе им служи на принципите на хиерархијата на отпад и циркуларната економија, со цел минимизирање на директните влијанија врз животната средина, експлоатирање на отпадот како извор, намалување на потрошувачката на суровини, заштедување енергија и др.

Покрај горенаведените бенефиции, регионалниот начин на управување со отпад ќе придонесе кон подобрување и на социо-економската ситуација во регионот, која ќе се рефлектира преку зголемен број на нови работни места, нови вработувања, подобра бизнис клима итн.

***Потенцијални негативни влијанија:***

Во зависност од избраното сценарио за регионално управување со отпадот, кое ќе придонесе кон подобрување на моменталната состојба за управување со отпад, неговото спроведување изразено преку одредени проекти, во зависност од локацијата и осетливоста, ќе влијае врз засегнатото население од социо-економски аспект изразено преку завземање или целосно губење на земјиштето, забрана за спроведување на одредени земјоделски проекти, нарушување на одредени услови, нарушување на квалитетот на водата, воздухот, почвата, биодиверзитетот, природното и културното наследство, материјалните средства, зголемување на нивото на бучава во животната средина, зголемен сообраќај на патиштата, зголемен ризик од сообраќајќи и незгоди, влијание врз развој на туризам и сл.

Со имплементација на регионалниот план за управување со отпад за Скопскиот регион, се очекуваат незначителни негативни влијанија кои можат да произлезат во областите каде што ќе бидат изградени трансфер станиците за отпад. Овие влијанија пред се, се поврзани со создавање на бучава од возилата што ќе го донесуваат комуналниот отпад, како и од возилата што ќе го собираат отпадот за негово доставување до депонијата во Скопскиот регион. Се очекува транфер

| | |
|---|---|
| станиците да бидат направени на начин кој ќе обезбеди целосна заштита на почвата и подземните води. Од трансфер станиците не се очекуваат емисии во воздухот, освен незначителни емисии на прашина што може да се појават при транспортот на отпад. Можно е создавање на непријатна миризба, за што треба особено да се внимава во навремено преземање на отпадот од трансфер станиците и негово доставување до депониите. Негативните влијанија врз почвата и водата ќе бидат сведени на минимум со подобрување на системот за управување со постоечката депонија. Најзначајно негативно влијание ќе биде во периодот на градење на трансфер станиците, но изградбата треба да биде изведена користејќи најдобри достапни техники (НДТ). Друго незначјно влијание е поврзано со управувањето на депонијата Дрисла и влијанијата врз почвата и создадената бучава.<br>Во зависност од локацијата на транфер станиците, можни се социо-економски влијанија, главно на намалување на вредноста на имотите кои се наоѓаат во близина на трансфер станиците, но исто така и земјоделски производи произведени во оваа област. Сепак ова влијание е главно предизвикано од човечката перцепција и не е поврзано со директно реално влијание.<br>Значајно е планот да се спроведува преку примена на најдобрите достапни техники и согласно националното законодавство за управување со отпад. Постои опасност од зголемено негативно влијание доколку еколошките стандарди не се исполнат во целост или пак не се почитуваат најдобрите практики на управување со отпадот. Ова може да предизвика сериозни негативни влијанија врз почвата, водите, биодиверзитетот, зголемување на нивото на бучава. | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ** | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатност, времетраењето, фрекфентноста и повратноста на влијанијата треба да бидат утврдени на основа/ниво на одредени планови, програми и проектни активности кои ќе произлезат од спроведувањето на РПУО.<br>Веројатноста на влијанието врз животната средина од спроведувањето на Регионалниот план за управување со отпад за Скопскиот регион ќе зависат од начинот на спроведувањето на мерките иако веројатноста за негативни влијанија е минимална. Времетраењето, фреквенцијата и повратноста ќе се утврдуваат преку спроведувањето на оценката за одделните мерки што ќе се врши со изработка на студија за оцена на влијанието врз животната средина или пак елаборати за заштита на животната средина |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во зависност од степенот на оптоварување на медиумите и областите на животната средина, очекувано е да се јават кумулативни влијанија во близина на избраните локации за спроведување на предвидените активности и содржини (во близина на населени места, комерцијални и индустриски објекти, инфраструктурни мрежи и објекти) како и видот на предвидени мерки кои исто така може да влијаат врз дадени медиуми и области од животната средина и човековото здравје. Ефектите од ваквите влијанија ќе се одредат преку посебни проектни активности.<br>Можност за кумулативни влијанија постојат само во близината на локациите каде се предвидени да се изградат објектите за управување со отпад. Кумулативните влијанија можат да се однесуваат на луѓето доколку објектите се изградат во близина на населени места, но |

| | |
|---|---|
| | можат да влијаат и врз животната средина доколку не се постапува правилно со отпадот. Потенцијалната појава на кумулативни влијанија, како и мерките за заштита на животната средина и здравјето на луѓето ќе бидат потенцирани и утврдени во самиот извештај за стратегиската оцена на планот за управување со отпад |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Овие влијанија ќе бидат истакнати во посебни проектни активности (пр. доколку идните објекти за управување со отпад се лоцирани во близина на одредена граница со соседните земји).<br>Со донесувањето на Планот за управување со Скопскиот регион не постојат прекугранични влијанија. Можни прекугранични влијанија може да се појават при утврдувањето на локацијата за објектите за управување со отпад. Ваквите влијанија ќе бидат разгледани при изработката на студијата за оцена на влијанието врз животната средина. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Не постојат веројатности да се појават ризици по здравјето на луѓето. Мала е веројатноста од појава на несреќи. Во фазата на одобрувањето на проектите предвидени во планот како мерки и активности ќе се направи преглед на можните ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина, што ќе бидат разработени во проектните документи и во студијата за оцена на влијанието врз животната средина или во елаборатите за заштита на животната средина |
| **Опсег и просторен обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Скопскиот плански регион се состои од 17 општини: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Чучер Сандево, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Зелениково со вкупна површина од 1818 $km^2$ и вкупно население од 619279 жители (заклучно 2015 год). Во градот Скопје е концентрирано околу 88 % од населението во регионот, односно 25,1 % од вкупното население во земјата што укажува на огромната концентрација на населението во скопскиот регион. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

***<u>Потенцијални позитивни социо – економски влијанија:</u>***

Спроведувањето на планот за управување со отпад на Скопскиот регион создава можност за позитивни социо-економски влијанија кои може да се опишат како подобрување на економската состојба на населението кое живее во близина на непрописните депонии и ѓубришта кои треба да се затворат, зголемување на туризмот заради почиста животна средина и природа, подобрување на животните услови како резултат од собирањето на отпадот, подобрување на економската состојба преку нови вработувања и стекнување на добивка заради собирањето и искористувањето на отпадот, како и зголемување на вработувањата во операторите кои ќе управуваат со трансфер станиците и депонијата. Ќе се зголеми вредноста на недвижноста на населението кое има недвижности во близината на локациите каде што ќе се изврши затворање на непрописните депонии и ѓубришта.

Ќе се зголемат приходите во регионот при изградбата на инфраструктурните проекти, а воедно позитивно економско влијание ќе биде намалувањето на увозот на суровини и енергија. Одобрувањето на РПУО за СР ќе има големо позитивно влијание за енергетскиот баланс на национално ниво.

| | |
|---|---|
| ***Потенцијални негативни социо – економски влијанија:***<br>Заради подобрување на услугите во собирањето и депонирањето на отпадот се очекува зголемување на цената на комуналната услуга за собирање и отстранување на отпадот. Сепак, зголемувањето на цената на услугата нема да го надмине прагот на финансиска достапност на услугата на граѓаните согласно вкупните приходи по домаќинство.<br>- Постојат можности за намалување на вредноста на недвижностите во близината на локациите каде што ќе се градат трансфер станиците. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Вредноста односно ранливоста на областа ќе зависи од изборот на локацијата каде што ќе биде предвидена изградбата на трансфер станиците и истите ќе се одредат за секој/а специфична активност или проект. Во планот за управување со отпад на Скопскиот регион ќе бидат потенцирани областите кои поради своите обележја, значења и културни карактеристики не треба да бидат предмет на разгледување како можни локации за изградба на депонија. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Овие природни карактеристики и културни наследства ќе бидат предмет за анализа на специфична планска документација за секоја планирана активност, во смисла на пријавени и евидентирани културни вредности на територијата на регионот.<br>Планот за управување со отпад се однесува на Скопскиот регион во кој како подрачја со посебно природни карактеристики се идентификувани: Паркот – шума Водно, Споменик на природата – Матка, Арборетрум – споменик на природата, Заштитен предел Гази Баба – заштитено подрачје, Катлановски предел – споменик на природата, Скопска тврдина – природен споменик, Острово-Трубарево – Споменик на природата. Културното наследство повеќе се однесува на објекти отколку на пошироки области. Сепак, во текот на спроведувањето на планот особено треба да се земат во предвид природните и културните карактеристики кои постојат на локациите кои што се определени за изградба на објекти за управување со отпад. Ќе се направи анализа во текот на подготовката на проектната документација. Сепак за определувањето на локацијата во планот ќе се укаже дека локации на кои постои природно и културно наследство треба да бидат иземени како можни локации за изградба на трансфер станици. При подготовката на планот ќе се земат насоките и целите што се утврдени во Националната стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија, како и во меѓународните договори и конвенциите кон кои Република Македонија е потписник. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности** | Во оваа фаза, стандардите или граничните вредности за квалитетот на животната средина треба да бидат истакнати бидејќи планираните активности ќе се спроведуваат во различни области од регионот и секој регион се карактеризира со одреден квалитет на животна средина.<br>Главна цел на планот за управување со отпад во Скопскиот регион е да се воспостави одржлив систем за управување со отпад преку кој се обезбедува заштита на |

<table>
<tr><td></td><td>животната средина и здравјето на луѓето. Со неговото спроведување не се очекува намалување на стандардите за квалитет за животна средина или пак граничните вредности. Напротив се очекува подобрување на состојбата со животната средина а управувањето со објектите и постројките за отпад ќе се врши на начин кој во целост ќе ги почитува соодветните стандарди и гранични вредности во животната средина.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Во оваа фаза не може да се одреди употребата на земјиштето за можни идни локации. Тоа ќе биде предмет на анализа за специфични плански и проектни документи за секоја проектна активност.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја</td><td>Во оваа фаза влијанијата врз одредени области и предели кои имаат статус на национална или меѓународна заштита не може да бидат во целост одредени. Истите ќе бидат предмет на анализа за специфични плански и проектни документи за секоја проектна активност.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите</td></tr>
<tr><td colspan="2">За активностите за кои се пропишани мерки за регионалното управување со отпад за специфична планска/проектна документација, ќе бидат подготовени следните документи: Стратешка оцена на влијанијата врз животната средина, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина или Елаборати за заштита на животната средина како и А и Б интегрирани еколошки дозволи.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални објекти)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планот за управување со отпад за Скопскиот регион не се дадени прецизно локациите каде што ќе бидат спроведени проектите. Планот предвидува изградба на објекти за управување со отпад чии локации ќе бидат утврдени во текот на изработката на физибилити студијата што ќе се прави во рамите на истиот проект.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина, особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој<br>(да се наведе дали обемот на планскиот документ продонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Имплементацијата на планираните активности согласно предложените сценарија, ќе придонесе кон примена на интегриран систем за управување со отпад на начин со кој ќе се контролираат значајни количини на видови отпад кој ќе се создава, намалување на количините на отпад кои ќе завршуваат на депонија, намалување на бројот на потенцијални опасности од создадениот отпад, минимални емисии во атмосферата, водата и почвата споредено со емисии на стакленички гасови и други загадувачи кои се создаваат кога отпадот</td></tr>
</table>

| |
|---|
| се одлага, селекција на фракции на отпад која е во соодност со хиерархијата за управување со отпад, искористување на енергетската вредност на отпадот (енергија, топлина, гориво) и создавање на компост.<br>Регионалниот план за управување со отпад преку дадени мерки и активности не само што ќе придонесе кон одржлив развој на Република Македонија и економскиот бенефит, туку ќе ги ублажи ризиците кои произлегуваат од постоечките диви депонии и неправилното управување со отпадот и заштита на животната средина и човековото здравје.<br>Имплементацијата на Планот за управување со отпад за Скопскиот регион е особен важен не само за планскиот регион туку и за државата во целост. Со спроведувањето на планот ќе се обезбеди спроведување на законодавството од областа на управувањето со отпадот како и ќе се обезбеди исполнување на целите утврдени во националните плански документи за отпад, како што е Националната стратегија за отпад и Националниот план за управување со отпад. Со спроведувањето на планот ќе се овозможи правилно управување и постапување со отпадот, со што ќе се намали негативното влијание врз медиумите и областите на животната средина. Ќе се намали создавањето на отпадот, како и негово поголемо искористување што ќе обезбеди заштита на природните ресурси на државата. Ќе се подигне контролата во постапувањето со отпадот, со што ќе се подобри квалитетот на животната средина. Воедно управувањето со отпадот ќе придонесе и кон подобрување на економскиот раст на регионот. Ќе се намалат емисиите во воздухот, водата и почвата, ќе се намалат емисиите на стакленички гасови и други загадувачки материи кои се создаваат при депонирањето на отпадот.<br>Со реализација на активностите од овој плански документ, ќе се овозможи и затварање на сите диви и нерегуларни депонии и ѓубришта кои ја загадуваат животната средина и негативно влијаат врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)** |
| Со спроведување на мерките за регионално управување со отпад ќе се придонесе кон подобрување на начинот на управување со отпадот, ќе се подобри квалитетот на воздухот и ќе се намалат емисиите на стакленички гасови, ќе се подобри здравјето на луѓето, биодиверзитетот, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, културното наследство итн.<br>Во зависност од избраното сценарио и видот на мерки за управување со отпад кои ќе придонесат кон подобрување на начинот на управување со отпадот и нивна реализација изразена преку одредени проекти (во зависност од локацијата и осетливоста) кои продуцираат емисии во воздухот од postројките за третман на отпад, постапување и привремено складирање на одложениот отпад, транспорт на отпадот, исцедокот, опасниот отпад, згурата итн. може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, да го нарушат квалитетот и состојбата на водата, воздухот, почвата, биодиверзитетот, природното и културното наследство, материјалните средства, зголемување на нивото на бучава во животната средина, зголемување на сообраќајот по патиштата, зголемување на ризикот од несреќи, влијание врз развој на туризам, погранични влијанија итн.<br>Локациите на објектите за управување со отпад треба да се одредат на начин со кој ќе се избегнат области кои се од природно и културолошко наследство. |
| **Објаснете како планскиот докумет кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документи во хиерархијата на планирање. Наведете го** |

| |
|---|
| **називот на тој/тие плански документи и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.** |
| Корелацијата на РПУО со планови, програми и стратегии во планската хиерархија:<br>o Национална стратегија за управување со отпад (2008 – 2020)<br>o Национален план за управување со отпад (2009 – 2015)<br>o Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008 – 2020 со визија до 2030 година<br>o Национален план за заштита на амбиентен воздух (2013 – 2019)<br>o Втор национален план на Република Македонија кон рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2008)<br>o Национална стратегија за Механизмот за чист развој (2008 – 2012)<br>o Национална стратегија за одржлив развој (2009 – 2030)<br>o Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2013 – 2017)<br>o Стратегија за води на Република Македонија (2011 – 2041)<br>o Стратегија за одржив развој на шумарство во Република Македонија (2006)<br>o Национална стратегија за биолошка разновидност (2004 – 2008)<br>o Национална стратегија за развој на туризмот (2012 – 2017)<br>o Стратегија за обновливи извори на енергија во Република Македонија до 2020 година<br>o Стратегија за транспорт на Република Македонија (2007 – 2017)<br>o Втор Национален Еколошки Акционен План на Република Македонија (2006)<br>o Стратегија за демографски развој на Република Македонија (2008 – 2015)<br>o Стратегија за мониторинг на животната средина (2004)<br>o Стратегија за управување со податоци на животната средина (2005)<br>o Национална стратегија за апроксимација на животната средина (2007)<br>o Национален здравствено – еколошки акционен план<br>o Програма за развој на Скопски плански регион (2015 – 2019)<br>o Просторен план на Република Македонија<br>o Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Македонија (2009 – 2019)<br>Планот треба да ги опфати стратешките насоки дадени во овие плански документи и соодветно да предвиди мерки за нивна поддршка и усогласеност.<br>Планот е повисок плански документ во однос на Програма за развој на Скопски Плански Регион (2015-2019) и треба соодветно да ги вклучи аспектите за развој утврдени во програмата. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.** |
| Усвоени се планови и програми на општините од овој регион, кои претставуваат понизок плански документ за управување со отпад, поради што мерките предвидени во истите ќе бидат соодветно опфатени и интегрирани во Регионалниот план за управување со отпад. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во** |

<table>
<tr><td colspan="2">оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планот за управување со отпад за Скопскиот регион се дава јасна насока за потребата од изградба на инфраструктура за управување со отпад. За овие активности е потребно да се спроведе СОЖС која ќе служи за дефинирање на влијанијата врз животната средина од активностите поврзани со изградба на објекти кои ќе бидат предвидени во РПУО.<br>За специфични активности за регионално управување со отпадот, планови и проекти како извештаи за СОЖС, студија за ОВЖС или елаборати за заштита на животната средина за одредени локации и А и Б интегрирани еколошки дозволи, со посебен акцент на анализите кои се однесуваат на населението (социо – економски акспект), човеково здравје, воздух и клима, вода, почва, биодиверзитет, природно и културно богатство, материјални средства, отпад, бучава, вибраци, јонизирачко и нејонизирачко зрачење итн.<br>Сите потенцијални влијанија ќе бидат анализирани во подготвителната, конструктивната, оперативната и пост-оперативната фаза и ќе бидат предвидени мерки за нивно намалување или избегнување.<br>Согласно горенаведеното, клучна е одлуката за спроведување на извештај за СОЖС.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник на Град Скопје</td></tr>
<tr><td>Име и презиме и потпис на раководителот на Центар за развој на Скопски плански регион</td><td>Арсовска Розета</td></tr>
<tr><td>Датум<br>28.07. 2016.</td><td>м.п.<br>Република Македонија Центар за развој на Скопски плански регион Скопје</td></tr>
</table>

## ПРИЛОГ бр. 1 (МАПА)

